# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА*
# *ССОУ „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“ - ВЕЛЕС*
# *ЗА УЧЕБНАТА 2020 – 2021 ГОДИНА*

**АВГУСТ 2021**

**СОДРЖИНА**


Воведен дел 4

1. Лична карта на училиштето 5

2. Мисија и визија 6

3. Организациска структура и организација на работата на училиштето 6

3.1 Наставен и ненаставен кадар 6

3.2 Организација на наставата 8

3.3 Превземени активности за подобрување на условите за работа 9

3.4 Видови настава 10

3.5 Преглед на учениците при запишување во прва година во учебната 2020/2021 година 17

3.6 Преглед на учениците и паралелките по струки на крајот од учебната 2020/2021 година 18

3.7 Преглед на општиот успех на учениците на крајот од учебната 2020/2021 година 19

3.7.1 Преглед на општиот успех на учениците на ниво на училиште на крајот од наставната 2020/2021 година 19

3.7.2 Преглед на општиот успех на учениците на крајот од учебната 2020/2021 година 20

3.7.3 Преглед на општиот успех на учениците на ниво на училиште на крајот од учебната 2020/2021 година 24

3.8 Преглед на изостаноците на училиштето во учебната 2020/2021 година 25

3.9 Државна матура и завршен испит во учебната 2020/2021 година 25

4. Реализација на воспитно образовната работа во училиштето 27

4.1 Следење на реализацијата на наставните планови и програми 27

4.2 Увид во педагошката документација и евиденција 29

4.3 Примена на современи наставни методи и форми на работа 29

4.4 Следење и оценување на напредокот на учениците 30

5. Работа на стручните органи и тела во училиштето 31

6. Комуникација со јавност и промоција на училиштето 32

6.1 Социјални партнери на училиштето 32

6.2 Соработка со локалната самоуправа и невладини организации 33

6.3 Промоција на училиштето 34

7. Учество во проекти во учебната 2020/2021 година 34

8. Најдобар ученик за учебната 2020/2021 година 37
9. Подрачја на промени и приоритети 38
10. Општа оценка за следењето и евалуација на реализираните активности од страна на директорот 41

# ВОВЕД

Годишниот извештај за работата на ССОУ „Коле Неделковски“ - Велес за учебната 2020/21 година е изработен согласно планираните активности од Годишната програма за работа на училиштето. Во извештајот се наведени материјално-техничките услови за работа на училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа, формите на наставни и вонннаставни активности, соработката со локалната средина и бизнис заедницата, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа, работата на стручните органи и органите на управување и раководење на училиштето и учеството во проекти.

Наставата и другите форми на воспитно-образовна работа се реализирани врз основа на Законот за средно образование, годишните планови и програми пропишани од МОН, БРО, ЦСОО и Календарот за реализација на воспитно-образовната работа за учебната 2020/2021година објавен во Службен весник и сите негови дополнувања и измени.

Содржините, резултатите и активностите изнесени во Извештајот се темелат врз показатели и податоци од:

- Извештаи од раководители на паралелки
- Извештаи од наставници и стручни соработници
- Извештаи и записници од стручни активи
- Извештаи од раководниот тим на училиштето

За реализација на Програмата за работење на училиштето свој придонес дадоа и социјалните партнери на училиштето.

# 1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| Име на училиштето: | Средно стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ |
| Адреса на училиштето: | ул. „Андон Шурков“ бр. 4а, 1400 Велес, Република Северна Македонија |
| Телефони: | Тел.централа: ++389 (0) 43 231 446<br>Факс: ++389 (0) 43 235 086<br>E-mail: kolenedelkovski@yahoo.com<br>WEB: www.kolenedelkovski.edu.mk |
| Локација на училиштето: |  |

## 2. МИСИЈА И ВИЗИЈА

**Мисија**

ПОСТОИМЕ ЗАТОА ШТО СЕКОГАШ СМЕ ПОДГОТВЕНИ ДА СЕ ДВИЖИМЕ СО ТЕКОВНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ, ВО ЧЕКОР СО ВРЕМЕТО И ДА ОБРАЗУВАМЕ КАДРИ СО ОБРАЗОВНИ ПРОФИЛИ КОИ СЕ ВО СКЛОП СО ПОТРЕБИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ.

**Визија**

НАШЕТО УЧИЛИШТЕ Е ОБРАЗОВНА И КУЛТУРНА СРЕДИНА ВО КОЈА СПОЈОТ ПОМЕЃУ ТЕОРИЈАТА И ПРАКСАТА ИМ ОВОЗМОЖУВА НА УЧЕНИЦИТЕ ПРИСТАП КАКО ДО ВИСОКО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА НАТАМОШНО ДООБРАЗУВАЊЕ, ТАКА И ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ВО КОИ ЌЕ ИМ БИДЕ ОВОЗМОЖЕНО ВРАБОТУВАЊЕ - СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ, ЛОКАЛНА СРЕДИНА И ПОШИРОКО.

## 3. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

### 3.1 НАСТАВЕН И НЕНАСТАВЕН КАДАР

Наставата ја реализираа 58 наставници од општообразовните, електротехничките, машинските, сообраќајните и угостителско-туристичките стручни предмети и 8 наставници од други училишта кои дополнуваа настава во нашето училиште. Во училиштето во текот на наставната година, во педагошката работа беа вклучени педагог и психолог како и раководители на смени, со цел совладување на работните задачи од овој вид во училиштето. Административната работа во училиштето ја врши секретар-благајник и книговодител.

Техничкиот персонал брои вкупно 10 лица кои работат со полно работно време и едно лице кое со пола работно време односно во училиштето има еден хаус мајстор, еден котлар, двајца ноќни чувари и персонал за одржување на хигиената во училишната зграда, која зафаќа вкупна површина од 6950 $m^2$ покриен простор.

| Наставен и ненаставен кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Бошњаци | | Албанци | | Роми | | Турци | | Друго | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 72 | 42 | 30 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Директор | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на наставен кадар | 58 | 35 | 23 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на стручни соработници | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Административни соработници | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Техничка служба | 11 | 7 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

***- Наставници кои дополнувале настава од други училишта***

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Ангел Леов | Психологија |
| **2** | Менка Андреева | Македонски јазик и литература |
| **3** | Панче Ташковски | Руски јазик јазик |
| **4** | Јасна Мијакоска | Ликовна уметност |
| **5** | Руска Мицева | Биологија |
| **6** | Методија Бузалковски | Сообраќајна географија |
| **7** | Горан Јанков | Англиски јазик |
| **8** | Надица Теова | Физика |

***- Степен на стручна подготвеност на наставен и стручен кадар***

| профил | Д-р | М-р | VII-1 | VI |
|---|---|---|---|---|
| **Директор** | | | **1** | |
| **Педагог** | | | **1** | |
| **Психолог** | | | **1** | |
| **Наставници** | | **5** | **48** | **5** |
| **Секретар/благајник** | | | | **1** |

### 3.2 ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Согласно измените на Календарот за работа на јавните средни училишта учебната година започна на 1 октомври 2020 година, а заврши на 31 август 2021 година. Наставната година започна на 1 октомври, заврши на 10 јуни, освен за учениците од завршните години со тригодишно и четиригодишно траење за кои редовната настава заврши на 20 мај 2021 година. Во текот на наставната година остварени се 145 наставни денови во завршните години, а за сите останати години на образование остварени се 159 наставни денови.

Пред почетокот на наставната година направена е анализа на фактичката состојба во училиштето во однос на компјутерска опрема во училиштето, состојбата со интернетот, и просторните капацитети во училиштето. Направена е и анкета со наставниците по кој модел на настава сметаат дека е најдобро да се работи. Констатирано е дека училиштето не ги исполнува просторните условите/насоките за реализација на настава со физичко присуство, а од анализата на анкетата констатирано е дека 66% од наставниците се изјасниле за модел 2. Врз основа на сето тоа донесена е Одлука училиштето да работи по Модел 2, комбинирано, односно, теоретската настава да се реализира онлаин а практичната настава со физичко присуство. За реализација на онлаин наставата се користеше националтата платформа Microsoft teams.

Во текот на првото полугодие наставниот кадар наставата ја реализираше он-лајн од училница, а согласно член 92 од Законот за средно образование и насоки дадени од Градоначалник на Општина Велес, директорот на училиштетео донесе одлука воспитно образовната работа во второто полугодие наставниците да ја реализираат он-лајн од дома а оние кои немаат услови наставата да ја реализираат он-лајн од училница.

Навремено беа изготвени сите потребни документи за успешно организирање на воспитно-образовниот процес:

- Годишна програма за работа на училиштето
- Распоред за задолжителни предмети, слободни часови на училиштето, дополнителна и додатна настава.

За успешно реализирање на онлајн наставата училиштето навремено постапуваше по дадените насоки од МОН, ЦСОО и БРО и Укази со законска сила и ги превземаше сите потребни активности:

- Изготвен е план за одржување на наставата во учебната 20/21 година
- Распоред за реализација на наставата преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација.
- Распоред за реализација на практичната настава со физичко присуство согласно Протоколи и препораки дадени од МОН
- Распоред за влегување и излегување на учениците при реализација на наставата со физичко присуство по смени
- Скенирање на состојбата кај учениците за поседување на опрема за успешно реализирање на онлајн настава и изнаоѓање на соодветно решение.
- Детектирање на проблеми при комуникација ученик-наставник и нивно решавање.

Сите наставници навреме доставија годишни и тематски планирања, план за дополнителна и додатна настава, планирање за слободни часови на училиштето.

Директорот и стручната служба континуирано ја следеа работата на наставниците преку проверка на педагошката евиденција и документација и посета на часови за време на реализација на настава со физичко присуство на учениците, а потоа и со вклучување и посета за време на реализација на часови преку учење од далечина.Од посетата на онлаин часовите е констатирано дека наставниците и учениците навремено се вклучуваат на часовите, се почитуваат кодексите на однесување за време на онлаин настава, наставниците редовно прават проверка на присутноста на учениците, во дневникот на паралелката евидентираат отсуство и навремено пријавуваат кај класните раководители и педагошко психолошката служба.

### 3.3 ПРЕВЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА

Со цел за подобрување на условите за реализација на воспитно образовната работа, естетскиот изглед и целокупната клима во училиштето во текот на учебната 2020/21 година се реализираа следните активности:

- набавка на наставни нагледни средства
- набавка на ИКТ опрема за ученици и наставен кадар
- реконструкција на кабинети, холови, ходници и скали
- поставување на зебра завеси во кабинети од стар дел.
- поставување на пристапни рампи за лица со инвалидност
- подобрена интернет врска во училиште
- започната постапка на реконструкција на парното греење
- започнато реконструирање на преден дел на училишен двор
- рекконструирање на пинг понг сала

Во текот на годината континуирано се водеше грижа за безбедноста на учениците и хигиената во училиштето.
Осигурувањето на учениците е преку осигурителната компанија „ВИНЕР“,со која училиштето потпиша договор за соработка.

## 3.4 ВИДОВИ НАСТАВА

Наставата се реализираше согласно наставни планови и програми одобрени од МОН. Учениците од прва, втора и трета година(со тригодишно траење) наставата ја реализираа по модуларно дизајнирани наставни планови и програми додека со останатите ученици наставата се реализираше по наставни планови и програми пред 2018 година. За сите видови настава на почетокот на учебната година беше изготвен распоред за реализација на часовите. За учениците кои беа упатени на поправен испит, согласно Календарот за работа по завршување на наставната година, се реализираше продолжителна настава. За ученикот со посебни образовни потреби изготвена е програма и истата е реализирана.

***Редовна настава со следните содржини:***

- Задолжителни предмети.
- Изборни предмети во трета и четврта година на образование во сите струки.
- Факултативни предмети во четврта година на образование.
- Дополнителна настава, организирана од училиштето за сите образовни профили и струки согласно потребите на учениците.
- Додатна настава организирана од училиштето за сите образовни профили и струки согласно потребите на учениците.
- Практична настава.
- Слободни часови на училиштето според препораките на Центарот за стручно образование и обука за сите струки и образовни профили.
- Феријална практика.
- Индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби

*Задолжителни предмети/модули* - неделниот фонд на часови по задолжителните предмети е утврден во наставниот план, а целите и активностите се содржани во наставните програми донесени од БРО.

*Изборни предмети* – според наставен план учениците во трета година имаат два изборни предмети и истите се изучуваат и во четврта година. Изборот на предмети се врши по пат на анкета во месец мај, односно на крајот од втората година од образованието на учениците.

| Паралелка | Образовен профил | Изборен предмет |
|---|---|---|
| 3-1 | Машински техничар | Компјутерско управување<br>Технологија на обработка |
| | Техничар за компјутерско управување | Програмирање на компјутерски управувани машини<br>Автоматско управување и програмирање |
| 3-2 | Машинско енергетски техничар | Хидропневматска техника<br>Практична настава |
| | Автотехничар мехатроничар | Технологија на моторни возила<br>Електроника |
| 3-5 | Техничарза транспорт и шпедиција | Шпедиција и шпедициско работење<br>Технологија на железнички транспорт |
| 3-6 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Програмирање<br>Математика<br>Програмирање<br>Практична настава |
| 3-7 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Програмирање<br>Дигитални системи<br>Практична настава<br>Математика |
| 3-8 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | Дигитална електроника и микропроцесори<br>Телекомуникациски склопови и уреди |
| | Електротехничар енергетичар | Електрични апарати и уреди<br>Практична настава |

*Факултативни предмети* за учениците од четврта година на образование.

Предметот „Енергетска ефикасност“ го изучуваа учениците од образовните профили: машински техничар, машинско-енергетски техничар, техничар за компјутерско управување, автотехничар-мехатроничар, електротехничар за електроника и телекомуникации и електротехничар-енергетичар. Учениците се оценуваат по предметот но оценката не влегува во средниот успех на учениците

За сите видови на наставни предмети беше изготвен распоред за часови, годишни и тематски планирања и истите се реализираа.

*Дополнителна настава* - организирана за учениците кои имале потешкотии во совладување на наставните содржини, биле отсутни од настава поради болест или од други причини со примена на индивидуална и групна форма на работа. Секој наставник има доставено годишни планирања за реализирање на дополнителна настава.Дополнителната настава наставниците ја реализираа преку електронска апликација Teams

*Додатна настава* - организирана за учениците кои пројавуваа посебен интерес кон некоја област, особено додатната настава се организираше за ученици кои земале учество на натпревари од општинско, регионално и државно ниво. Додатната настава се реализираше преку електронска апликација Teams.

Практична настава

Практичната настава учениците ја реализираа со физичко присуство во училиштето, во кабинети, училишни работилници и компании. За таа цел од страна на Тимот беше изготвен распоред за реализација на практичната настава. За успешна реализација на практичната настава се почитуваа сите безбедносни протоколи за спроведување на практичната настава со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година. Во текот на првото полугодие практичната настава се реализираше во две смени додека во второто полугодие практичната настава се реализираше само во една смена (претпладневна).

- Електротехничка струка - според наставниот план, практична настава е планирана во трета и четврта година. Практичната настава се реализира во училиште во специјализирани кабинети по практична настава. Дел од учениците од образозовниот профил електротехничар енергетичар, трета година практичната настава ја реализираа во компанијата Смелт ин, четврта година во компанијата Маркарт.

- Машинска струка - според наставниот план, практична настава е планирана во трета и четврта година освен во образовниот профил автомеханичар и заварувач, каде што со практична настава се започнува од прва година и дуалната паралека Техничар за производно машинство во втора година, Практичната настава се реализираше во компании, автомеханичарски работилници и во специјализирани машински работилници во училиштето.

- Сообраќајна струка - според наставниот план, практична настава е планирана и реализирана во, трета и четврта година. Истата е реализирана во училиштето.

- Угостителско туристичка струка-според наставниот план практичната настава е планирана во прва, втора и трета година и во четврта година за учениците од образовниот профил хотелско туристички техничар. Практичната настава се реализира во угостителски објекти и специјализиран кабинет во училиштето за угостителска струка.

*Слободните часови на училиштето* се реализираа со цел да им се излезе во пресрет на учениците кои сакаат да истражуваат и да напредуваат во следните подрачја и теми: „Урбана култура“. За истите има програма утврдена од ЦСОО. Менторски тип на водење на истражувачка работа во училиштето, особено изразена во некои проектни задачи изработени од ученици во завршните паралелки и форми кои се реализираат во додатната настава при работа со ученици кои се талентирани и надарени.

*Феријалната практика*

За да се избегнат опасностите од пренесување на Ковид 19 Министерството за образование и наука достави до училиштето Укажување со дел.бр 13-11751 од 22.10.2020 година. Според укажувањето Феријалната практика за учебната 2019/20 година да се реализира заклучно со 30.06.2021 година. Феријалната практика за учебната 20/21 година да се реализира од 01.07.2021 година до 31.08.2021 година.Бидејќи ферijалната практика за 2019/20 се реализираше заклучно со 10.06.2020 година од 11.06.2021 започна со реализација на феријалната практика за 20/21 година. Согласно Правилникот за феријална практика за учениците од прва и втора година во училиштето е реализирана основна обука за безбедност и здравје при работа според претходно изготвена програма. За реализација на феријалната практика училиштето има потпишано договори со компании и тоа:

За електротехничката и машинската струка со 46 компании/фирми/занаетчии

За Сообраќајната струка со 12 компании/шпедиции/осигурителни компании

За Угостителската струка со 22 угостителски објекти

*Индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби*

Во училиштето е формиран инклузивен тим за деца со посебни образовни потреби. Еден ученик во прва година следеше настава по Индивидуални образовни програми по сите наставни предмети, прилагодени според неговите интелектуални способности.

*Продолжителна настава*

Продолжителна настава се организираше за учениците упатени на поправен испит согласно Календарот за работа по завршувањето на наставната година. Учениците упатени на поправен испит полагаа во два испитни рока јуни и август, односно мај и јуни за учениците од завршните паралелки. Учениците кои не се јавија на поправен испит не ја поминаа годината.

*Воннаставни активности*

Реализирањето на вонаставните активности во училиштето во учебната 2020/21 година се реализираа согласно сите протоколи за заштита од Ковид 19. Активностите кои се реализираа со физичко присуство на наставници и ученици беше со ограничен број на учесници. Реализирањето на вoннаставните активности се спроведуваше и со примена на дигитални алатки за комуникација и работа. Во дел од активностите алатките се користеа за дискусија, размена на идеи а активноста се реализираше со физичко присуство а останатите во целост се реализираа со примена на дигитални алатки најчесто преку teams и zoom.

Воннаставните активности се организираа со цел да се задоволат  потребите, интересите и афинитетите на учениците. Учениците и наставниците учествуваа во следните воннаставни активности:

**Училишен спорт**

Поради пандемијата предизвикана од COVID 19 учениците при ССОУ "Коле Неделковски" - Велес , а во координација со Федерацијата на училишен спорт на Македонија и Аенцијата за млади и спорт и Сојузот на училишен спорт на Велес, а поради неможноста да ги реализираат своите програмски активности во вид на организирани натпревари и спортски настани, алтернативно преку своите органи се организираа "ФУСМ предизвик" и "Психологија во спортот" во текот на  учебната 2020 / 2021 година учениците од прва и трета година под менторство на м-р Ангелче Гушев, професор по спорт и спортски активности реализираа повеќе од сто објави на физички активности во домашни услови, а нивните активности беа  објавени на електронските гласила Facebook и Istagram и наидоа на масовен одзив и голем интрес и во услови на пандемија кои се реализираа во домашни услови и услови на отворено каде дозволуваат протоколите и здравствените мерки.

Во рамките на активностите поврзани со наставната програма која што беше моделирана за услови на пандемија наставниците Златко Здравсковски и Леонид Таневски организираа еднодневна планинарска тура во месноста Гроот во близина на Велес.

За крај на учебната 2020/2021 година дваесет ученици од ССОУ "Коле Неделковски" во соработка со Сојузот на училишен спорт на Велес на 21.5.2021 год. (петок) во рамките на своите  можноности реализираа завршни активности во градскиот парк и градскиот стадион. Се реализираше спортската активност "Отворена спортска недела" и тоа со содржини од атлетските активности, велосипедски активности и активности за подобривање на  психофизичката и моторичката способност кај учениците. Учениците од ССОУ "Коле Неделковски" на оваа манифестација дадоа белег со нивното присуство на велосипеди како единствени учесници.

Учениците беа предводени од наставниците м-р Ангелче Гушев, Златко Здравковски и Леонид Таневски.

На овој настан учество земаа ученици од основните и средни училишта од Велес, а присуствуваше и претседалот на ФУСМ проф д-р Александар Туфекџиевски и секретарот Герма Боглев

„ОТВОРЕНА УЧИЛИШНА СПОРТСКА НЕДЕЛА" - проект на Федерација на Училишен спорт на Македонија а подржана од Агенцијата за Млади.

Во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, на 22.9.2020 беше одбележан „Светскиот ден без автомобили", со рекреативно возење со велосипеди на кој учествуваа наставниците по спорт и спортски активности  А.Гушев, Л.Таневски. З.Здравковски и петнаесет ученици.

Во организација на Федерацијата на Спортските педагози на РМ одбележан Европскиот Ден на Спортот во училиштата" со онлајн физички активности на 25.9.2020 год. Преку ЗУМ платформата 20 ученици и наставниците по спорт и спортски активности А.Гушев, Л.Таневски и З.Здравковски се вклучија во програмските активности.

На 28.1.2021 во организација на Федерацијата на спортски педагози на Република Македонија, одржана работилница на тема „Искуствата и предизвиците со онлајн настава по физичко и здравствено образование и спорт и спортски активности“ на која што учество зема Ангелче Гушев, наставник по спорт и спортски активности

Со овие активности и покрај пандемијата сакавме уште еднаш да допринесеме за правилен пристап на учениците кон спортските активностии нивниот позитивен ефект во услови на пандемија со што ја заокруживме и крајот на учебната 2020 / 2021 година.

**Ученички екскурзии**

Ученичките екскурзии не се реализирани поради вонредната состојба со КОВИД 19.

**Учество на натпревари**

Во текот на учебната 2020/21 година учениците од нашето училиште учествуваа на натпревари, кои беа организирани на општинско, регионално и државно ниво и ги постигнаа следните резултати:

| Реден број | Тип на натпревар | Наставник/ментор | Име и презиме на ученикот | Освоена награда |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Општински натпревар | Магдалена Иванова | Бојан Димовски | Прва награда |
| 2 | Општински натпревар | Магдалена Иванова | Ѓорѓи Камчев | Трета награда |
| 3 | Општински натпревар | Магдалена Иванова | Јована Наумовска | пофалница |
| 4 | Регионален натпревар | Магдалена Иванова | Бојан Димовски | Прва награда |
| 5 | Државен Натпревар | Магдалена Иванова | Бојан Димовски | Прва анаграда |
| 6 | Македонска математичка олимпијада | Магдалена Иванова | Бојан Димовски | Брнзен медал |
| 7 | Регионален натпревар | Мира Ташкова | Стефани Амбаркова | Втора награда |
| 8 | Општински натпревар | Мира Ташкова | Антонио Ристовски | Прва награда |
| 9 | Општински натпревар | Мира Ташкова | Антонио Ристовски | Трета награда |
| 10 | Општински натпревар | Мира Ташкова | Стефани Амбаркова | пофалница |
| 11 | Општински натпревар | Мира Ташкова | Ефтим Калешов | учество |
| 12 | Државен натпревар | Мира Ташкова | Стефани Амбаркова | учество |
| 13 | Државен натпревар | Мира Ташкова | Антонио Ристовски | учество |
| 14 | Општински натпревар | Биљана Ивева | Ѓоре Јаневски | учество |
| 15 | Општински натпревар | Биљана Ивева | Теодор Ангелески | Трето место |
| 16 | Општински натпревар | Биљана Ивева | Дени Николовски | Второ место |
| 17 | Општински натпревар | Биљана Ивева | Трајче Василевски | Второ место |
| 18 | Општински натпревар | Биљана Ивева | Христијан Андовски | Второ место |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **19** | Регионален натпревар | Биљана Ивева | Теодор Ангелески | Пофалница |
| **20** | Регионален натпревар | Биљана Ивева | Дени Николовски | Трето место |
| **21** | Регионален натпревар | Биљана Ивева | Трајче Василевски | Трето место |
| **22** | Регионален натпревар | Биљана Ивева | Христијан Андовски | Трето место |
| **22** | Општински натпревар по англиски јазик | Цветанка Ордевска<br>Јордан Палашев<br>Верица Анѓушева | Христијан Андовски<br>Филип Петровски<br>Јордан Бачманов<br>Сергеј Неделков<br>Христијан Костовски<br>Горан Ѓошевски | Прво место<br>Второ место<br>Трето место |
| **23** | Интернационалниот натпревар по англиски јазик „Willkommen“ | Цветанка Ордевска | Христијан Андовски | Второ место |
| **24** | Државен натпревар по англиски јазик | Цветанка Ордевска | Христијан Андовски<br>Филип Петровски | |
| **25** | Во организација на Здружението на информатичари на Македонија, во нашето училиште се одржа Регионалниот натпревар Мендо 2021 | Мимоза П. Тодорова | Теодор Ангелески<br>НиколаСеверов<br>Христијан Андовски | Пофалница |
| | **Учество на литературни конкурси и други натпревари** | | | |
| **26** | Литературен конкурс СОУ„Јовче Тесличков“ | Мариче Стојанова | Филип Величковски | Втора награда |
| **27** | Литературен конкурс СОУ„Димитрија Чуповски“ | Мариче Стојанова | Филип Величковски | Втора награда |
| **28** | Литературен конкурс„ССОУ„Коле Неделковски“ | Мариче Стојанова | Мартин Голчев | пофалница |
| **29** | Литературен конкурс„Гимназија Кочо Рацин“ | Мариче Стојанова | Стефани Мулева<br>Вероника Саздовска | пофалница |
| **30** | Литературен конкурс ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ | Мариче Стојанова<br><br>Цветанка Ѓ Панова | Стефани Мулева<br>Разије Шерифова и<br>Елена Петреска | Трета награда<br><br>Благодарници |
| **31** | Во организација на Министерство за култура и Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р.Державин“ и издавачката куќа Меѓународен центар за славјанска просвета – Свети Николе | Мариче Стојанова | Александра Анѓеловиќ | Пофалница |
| **22** | Учество на настан TrashFashion 2020 на тема „Супер херои“ за 2020 год. | Пандорче Јорданова | Јована Наумовска<br>Леонтина Димовска<br>Мартин Голчев | Пофалница |
| **23** | Во организација на Europe Hoise и Гимназија Алгоритам, поддржан од Делегацијата на Европска унија, учество на награден конкурс на тема „Што ме движи кога се стои“ | Јасна Мијакова | Драгана Спасева | Прво место |

## 3.5 ПРЕГЛЕД НА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПРВА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА

| Реден број | С т р у к а | Времетраење наобразование | Успех од основното училиште | | | | Повторувачи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одличен | Многу добар | Добар | Доволен | | |
| **1** | Електротехничка | Тригодишно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Четиригодишно | 69 | 22 | 8 | 0 | 0 | 99 |
| **2** | Машинска | Тригодишно | 0 | 0 | 4 | 16 | 0 | **20** |
| | | Четиригодишно | 5 | 20 | 18 | 0 | 0 | **43** |
| **3** | Сообраќајна | Тригодишно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Четиригодишно | 15 | 15 | 3 | 0 | 0 | **33** |
| **4** | Угостителска | Тригодишно | 2 | 7 | 15 | 4 | 0 | **28** |
| | | Четиригодишно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно запишани ученици 2020/2021** | | | 91 | 64 | 48 | 20 | 0 | 223 |
| **Вкупно запишани ученици 2019/2020** | | | 77 | 59 | 55 | 7 | 1 | 199 |
| **Вкупно запишани ученици 2018/2019** | | | **75** | **62** | **68** | **18** | **1** | **224** |
| **Вкупно запишани ученици 2017/2018** | | | **55** | **72** | **87** | **31** | **0** | **245** |
| **Вкупно запишани ученици 2016/2017** | | | **15** | **29** | **67** | **25** | **4** | **140** |

## 3.6 ПРЕГЛЕД НА УЧЕНИЦИ И ПАРАЛЕЛКИ ПО СТРУКИ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

| Реден број | С т р у к а | I- година | | | | II- година | | | | III- година | | | | IV-година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со 3 годишно образование | | со 4 годишно обрзование | | со 3 годишно образование | | со 4 годишно обрзование | | со 3 годишно образование | | со 4 годишно обрзование | | | |
| | | паралелки | ученици | паралелки | ученици | паралелки | ученици | паралелки | ученици | паралелки | ученици | паралелки | ученици | паралелки | ученици |
| **1** | Електротехничка | 0 | 0 | 3 | 99 | 0 | 0 | 3 | 84 | 0 | 0 | 3 | 92 | 3 | 77 |
| **2** | Машинска | 1 | 20 | 2 | 43 | 1 | 12 | 2 | 42 | 1 | 16 | 2 | 47 | 2 | 51 |
| **3** | Сообраќајна | 0 | 0 | 1 | 33 | 0 | 0 | 1 | 27 | 0 | 0 | 1 | 34 | 1 | 32 |
| **4** | Угостителска | 1 | 28 | 0 | 0 | 1 | 33 | 0 | 0 | 1 | 34 | 0 | 0 | 1 | 27 |
| **Вкупно 2020/21** | | **2** | **48** | **6** | **175** | **2** | **45** | **6** | **153** | **2** | **50** | **6** | **173** | **7** | **187** |
| **Вкупно 2019/20** | | **2** | **45** | **6** | **154** | **2** | **50** | **6** | **173** | **2** | **58** | **6** | **160** | **6** | **105** |
| **Вкупно 2018/19** | | **2** | **49** | **6** | **175** | **2** | **58** | **6** | **165** | **2** | **32** | **5** | **89** | **7** | **137** |
| **Вкупно 2017/18** | | **2** | **64** | **6** | **181** | **2** | **35** | **5** | **94** | **2** | **32** | **6** | **127** | **7** | **165** |
| **Вкупно 2016/17** | | **2** | **39** | **5** | **101** | **2** | **33** | **6** | **129** | **2** | **49** | **6** | **146** | **7** | **150** |

## 3.7 ПРЕГЛЕД НА ОПШТИОТ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ 2020/2021 ГОДИНА

### 3.7.1 ПРЕГЛЕД НА ОПШТИОТ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ НА КРАЈОТ НА НАСТАВНАТА 2020–2021 г.

| Година на образование | Вкупно запишани | Женски | Постигнат успех | | | | Вкупно завршиле | Вкупно незавршени | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одлични | Мн. добри | Добри | Доволни | | | |
| Прва година со тригодишно образование | 48 | 3 | 2 | 9 | 18 | 2 | 31 | 17 | 2.69 |
| Прва година со четиригодишно образование | 175 | 42 | 93 | 43 | 25 | 0 | 161 | 14 | 3.92 |
| Втора година со тригодишно образование | 45 | 12 | 4 | 11 | 17 | 10 | 42 | 3 | 3.05 |
| Втора година со четиригодишно образование | 153 | 23 | 63 | 45 | 29 | 6 | 143 | 10 | 3.78 |
| Трета година со тригодишно образование | 50 | 9 | 2 | 11 | 22 | 11 | 46 | 4 | 2.84 |
| Трета година со четиригодишно образование | 173 | 37 | 83 | 39 | 28 | 10 | 160 | 13 | 3.84 |
| Четврта година | 187 | 39 | 78 | 43 | 45 | 5 | 171 | 16 | 3.83 |
| **Вкупно2020/21** | **831** | **165** | **325** | **201** | **184** | **44** | **754** | **77** | **3.42** |
| **Во проценти** | | **19.85%** | **39.1** | **24.2** | **22.14** | **5.3** | **90.74** | **9.26** | |
| **Вкупно2019/20** | **745** | **151** | **229** | **187** | **237** | **55** | **710** | **35** | **3.35** |
| **Во проценти** | | **20.26** | **30.73** | **25.1** | **31.8** | **7.38** | **95.3** | **4.69** | |
| **2018/19 вкупно** | **696** | **127** | **189** | **164** | **226** | **52** | **631** | **74** | **3.18** |
| **Во проценти** | | **18,24** | **27,15** | **23,56** | **32,47** | **7,47** | **90,66** | **10,63** | |
| **2017/18 вкупно** | **698** | **122** | **147** | **144** | **254** | **64** | **599** | **99** | **3.09** |
| **Во проценти** | | **17,47** | **21,06** | **20,63** | **36,38** | **9,16** | **85,81** | **14,8** | |
| **2016/17 вкупно:** | **647** | **119** | **121** | **128** | **228** | **94** | **571** | **76** | **3.05** |
| **Во проценти** | | 18.39 | 18.70 | 19.78 | 35.23 | 14.52 | 88.25 | 11.74 | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2015/16 вкупно:** | **687** | **126** | **110** | **116** | **234** | **117** | **577** | **110** | **3.00** |
| **ВО ПРОЦЕНТИ** | | 18.34 | 16.01 | 16.88 | 34.06 | 17.03 | 83.98 | 16.01 | |
| **2014/15 ВКУПНО:** | **693** | **136** | **115** | **114** | **219** | **86** | **534** | **148** | **2.95** |
| **ВО ПРОЦЕНТИ:** | | **19.62%** | **16.59%** | **16.45%** | **31.61%** | **21.41%** | **77.05%** | **21.35%** | |

### 3.7.2 ПРЕГЛЕД НА ОПШТИОТ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

### I ГОДИНА

| Образовни профили | Вид на образование | Клас | Одлични | Многу добар | Добар | Доволен | Вкупно завршени | Вкупно незавршени | Вкупно ученици | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МТ+ТПМ | Четиригодишно | 1-1 | 0 | 8 | 6 | 1 | 15 | 4 | 19 | 2.95 |
| МТМВ+ТКУ | Четиригодишно | 1-2 | 4 | 9 | 8 | 2 | 23 | 1 | 24 | 3.38 |
| АМ | Тригодишно | 1-3 | 0 | 3 | 5 | 3 | 11 | 9 | 20 | 2.53 |
| К+Г | Тригодишно | 1-4 | 2 | 5 | 17 | 3 | 27 | 1 | 28 | 2.95 |
| ТТШ | Четиригодишно | 1-5 | 18 | 7 | 8 | 0 | 33 | 0 | 33 | 3.92 |
| ЕКТА | Четиригодишно | 1-6 | 31 | 0 | 2 | 0 | 33 | 0 | 33 | 4.75 |
| ЕКТА | Четиригодишно | 1-7 | 33 | 0 | 1 | 0 | 34 | 0 | 34 | 4.87 |
| ЕЕН+ЕЕТК | Четиригодишно | 1-8 | 7 | 19 | 4 | 1 | 31 | 1 | 32 | 3.77 |
| | | **ВКУПНО 2020/21** | 95 | 51 | 51 | 10 | 207 | 16 | 223 | **3.64** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **42.6** | **22.86** | **22.86** | **4.48** | **92.83** | **7.17** | | |
| | | **ВКУПНО 2019/20** | **58** | **62** | **57** | **19** | **196** | **3** | **199** | **3.6** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **29%** | **31%** | **29%** | **9.5%** | **98,5%** | **1,5%** | | |
| | | **ВКУПНО2018/19** | **70** | **60** | **78** | **14** | **222** | **2** | **224** | **3,52** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **31,25%** | **26,79%** | **34,82%** | **6,25%** | **99,11%** | **0,89%** | | |
| | | **ВКУПНО 2017/18** | **45** | **61** | **88** | **42** | **236** | **9** | **245** | **3,19** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ:** | **18.36%** | **24.89%** | **35.91%** | **17.14%** | **96.32%** | **3.67%** | | |
| | | **ВКУПНО 2016/17** | **19** | **25** | **54** | **40** | **138** | **2** | **140** | **3,12** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ:** | **13,57%** | **17,86%** | **38,57%** | **28,57%** | **98,57%** | **1,43%** | | |

## II ГОДИНА

| Образовни профили | Вид на образование | Клас | Одлични | Многу добар | Добар | Доволен | Вкупно завршени | Вкупно Незавршени | Вкупно ученици | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МТ+ТПМ | Четиригодишно | 2-1 | 7 | 8 | 2 | 5 | 22 | 0 | 22 | 3.58 |
| МТМВ+ТКУ | Четиригодишно | 2-2 | 2 | 1 | 10 | 6 | 19 | 1 | 20 | 2,82 |
| АМ | Тригодишно | 2-3 | 0 | 1 | 6 | 5 | 12 | 0 | 12 | 2.60 |
| К+Г | Тригодишно | 2-4 | 4 | 10 | 10 | 9 | 33 | 0 | 33 | 3.20 |
| ТТШ | Четиригодишно | 2-5 | 17 | 8 | 2 | 0 | 27 | 0 | 27 | 4.33 |
| ЕКТА | Четиригодишно | 2-6 | 24 | 6 | 3 | 0 | 33 | 0 | 33 | 4.56 |
| ЕКТА | Четиригодишно | 2-7 | 11 | 13 | 7 | 0 | 31 | 0 | 31 | 3.98 |
| ЕЕН+ЕЕТК | Четиригодишно | 2-8 | 2 | 7 | 8 | 3 | 20 | 0 | 20 | 3,33 |
| | | **ВКУПНО 2020/21** | 67 | 54 | 48 | 28 | 197 | 1 | 198 | **3.55** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **33.83** | **27.27** | **24.24** | **13.63** | **99.5** | **0.5** | | |
| | | **ВКУПНО 2019/20** | **82** | **43** | **66** | **32** | **223** | **0** | **223** | **3.46** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **37%** | **19%** | **30%** | **14%** | **100%** | **0%** | | |
| | | **ВКУПНО 2018/19** | **54** | **49** | **82** | **35** | **220** | **3** | **223** | **3,42** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **24,22%** | **21,97%** | **36,77%** | **15,70%** | **98,65%** | **1,34%** | | |
| | | **Вкупно 2017/18** | **24** | **21** | **53** | **30** | **128** | **1** | **129** | **2.99** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **18.60** | **16.27** | **41.08** | **23.25** | **99.22** | **0.77** | | |
| | | **ВКУПНО 2016/17** | **28** | **28** | **65** | **39** | **160** | **2** | **162** | **3,15** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **17,28** | **17,28** | **40,12** | **24,07** | **98,77** | **1,23** | | |

**III ГОДИНА**

| Образовни профили | Вид на образование | Клас | Одлични | Многу добар | Добар | Доволен | Вкупно завршени | Вкупно незавршени | Вкупно ученици | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МТ+ТКУ | Четиригодишно | 3-1 | 3 | 4 | 11 | 7 | 25 | 2 | 27 | 2.85 |
| АМЕХ+МЕТ | Четиригодишно | 3-2 | 5 | 5 | 7 | 3 | 20 | 0 | 20 | 3.52 |
| АМ+З | Тригодишно | 3-3 | 0 | 3 | 9 | 3 | 15 | 1 | 16 | 2.77 |
| К+Г | Тригодишно | 3-4 | 2 | 8 | 13 | 11 | 34 | 0 | 34 | 2.93 |
| ТТШ | Четиригодишно | 3-5 | 18 | 11 | 4 | 1 | 34 | 0 | 34 | 4.25 |
| ЕКТА | Четиригодишно | 3-6 | 31 | 3 | 0 | 0 | 34 | 0 | 34 | 4.80 |
| ЕКТА | Четиригодишно | 3-7 | 20 | 10 | 4 | 0 | 34 | 0 | 34 | 4.34 |
| ЕЕН+ЕЕТК | Четиригодишно | 3-8 | 7 | 6 | 7 | 4 | 24 | 0 | 24 | 3,29 |
| **ВКУПНО2020/21** | | | 86 | 50 | 55 | 29 | 220 | 3 | 223 | **3.59** |
| **ВО ПРОЦЕНТИ** | | | **38.56** | **22.42** | **24.66** | **13** | **98.65** | **1.35** | | |
| **ВКУПНО2019/20** | | | **61** | **54** | **86** | **17** | **218** | **0** | **218** | **3,51** |
| **ВО ПРОЦЕНТИ** | | | **28%** | **25%** | **39%** | **8%** | **100%** | **0%** | | |
| **ВКУПНО2018/19** | | | **27** | **30** | **36** | **27** | **120** | **1** | **121** | **3,18** |
| **ВО ПРОЦЕНТИ** | | | **22,31%** | **24,79%** | **29,75%** | **22,31%** | **99,17%** | **1,65%** | | |
| **ВКУПНО 2017/18:** | | | **35** | **29** | **61** | **30** | **155** | **3** | **158** | **3.31** |
| **ВО ПРОЦЕНТИ:** | | | **22.15%** | **18.35%** | **38.60%** | **18.98%** | **98.10%** | **1.89%** | | |
| **ВКУПНО 2016/17:** | | | **39** | **31** | **78** | **47** | **195** | **0** | **195** | **3,22** |
| **ВО ПРОЦЕНТИ:** | | | **20** | **15,90** | **40** | **24,10** | **100** | **0** | **100** | |

## IV ГОДИНА

| Образовни профили | Вид на образование | Клас | Одлични | Многу добар | Добар | Доволен | Вкупно завршени | Вкупно незавршени | Вкупно ученици | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МТ+ТКУ | Четиригодишно | 4-1 | 15 | 6 | 7 | 2 | 30 | 0 | 30 | 4.11 |
| АМЕХ+МЕТ | Четиригодишно | 4-2 | 5 | 5 | 8 | 3 | 21 | 0 | 21 | 3.30 |
| ТТШ | Четиригодишно | 4-3 | 19 | 11 | 2 | 0 | 32 | 0 | 32 | 4.28 |
| ЕКТА | Четиригодишно | 4-4 | 16 | 5 | 7 | 1 | 29 | 1 | 30 | 4,20 |
| ЕКТА | Четиригодишно | 4-5 | 15 | 4 | 8 | 1 | 28 | 0 | 28 | 3.76 |
| ЕЕН+ ЕЕТ | Четиригодишно | 4-6 | 5 | 5 | 6 | 3 | 19 | 0 | 19 | 3.58 |
| ХТТ | Четиригодишно | 4-7 | 4 | 6 | 13 | 3 | 26 | 1 | 27 | 3.21 |
| | | **ВКУПНО 2020/21** | **79** | **42** | **51** | **13** | **185** | **2** | **187** | **3,77** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **42,24** | **22,45** | **27,27** | **6,95** | **98,93** | **1,06** | | |
| | | **ВКУПНО 2019/20** | **28** | **29** | **35** | **13** | **105** | **0** | **105** | **3,49** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **27%** | **28%** | **33%** | **12%** | **100%** | **0** | | |
| | | **ВКУПНО 2018/19** | **38** | **20** | **59** | **20** | **137** | **0** | **137** | **3,37** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **27,74%** | **14,60%** | **43,07%** | **14,60%** | **100%** | **0** | | |
| | | **ВКУПНО 2017/18** | **46** | **33** | **57** | **29** | **165** | **0** | **165** | **3,52** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **27,87%** | **20%** | **34,54%** | **17,57%** | **100%** | **0** | | |
| | | **ВКУПНО 2016/17** | **36** | **44** | **44** | **26** | **150** | **0** | **150** | **3,41** |
| | | **ВО ПРОЦЕНТИ** | **24** | **29,33** | **29,33** | **17,33** | **100** | **0** | | |

### 3.7.3 ПРЕГЛЕД НА ОПШТИОТ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2020 – 2021 ГОДИНА

| Година на образование | Вкупно запишани | Женски | Постигнат успех | | | | Вкупно завршиле | Вкупно незавршени | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одлични | Многу добри | Добри | Доволни | | | |
| Прва година со тригодишно образование | 48 | 3 | 2 | 8 | 22 | 6 | 38 | 10 | 2.74 |
| Прва година со четиригодишно образование | 175 | 42 | 93 | 43 | 29 | 4 | 169 | 6 | 3.94 |
| Втора година со тригодишно образование | 45 | 12 | 4 | 11 | 16 | 14 | 45 | 0 | 2.9 |
| Втора година со четиригодишно образование | 153 | 23 | 63 | 43 | 32 | 14 | 152 | 1 | 3.76 |
| Трета година со тригодишно образование | 50 | 9 | 2 | 11 | 22 | 14 | 49 | 1 | 2.85 |
| Трета година со четиригодишно образование | 173 | 37 | 84 | 39 | 33 | 15 | 171 | 2 | 3.84 |
| Четврта година | 187 | 39 | 79 | 42 | 51 | 13 | 185 | 2 | 3,77 |
| ВКУПНО 2020/21 | 831 | 165 | 327 | 197 | 205 | 79 | 809 | 22 | 3,4 |
| ВО ПРОЦЕНТИ (%) | | 19.85 | 39,35 | 23,7 | 24,66 | 9,5 | 97,35 | 2,64 | |
| ВКУПНО 2019/20 | 745 | 151 | 229 | 188 | 244 | 81 | 742 | 3 | 3.35 |
| ВО ПРОЦЕНТИ (%) | | 20,3% | 30,7% | 25% | 33% | 11% | 99,6% | 0,4% | |
| ВКУПНО 2018/19 | 705 | 127 | 189 | 159 | 255 | 96 | 699 | 6 | 3,20 |
| ВО ПРОЦЕНТИ (%) | | 18,01% | 26,81% | 22,55% | 36,17% | 13,62% | 99,15% | 0,85% | |
| ВКУПНО 2017/18 | 698 | 122 | 150 | 144 | 259 | 131 | 685 | 13 | 3,2 |
| ВО ПРОЦЕНТИ (%) | | 17,47 | 21,48 | 20,63 | 37,10 | 18,76 | 98,13 | 1,86 | |
| ВКУПНО 2016/17 | 647 | 119 | 122 | 128 | 241 | 152 | 643 | 4 | 3,09 |
| ВО ПРОЦЕНТИ (%) | | 18,39 | 18,85 | 19,78 | 37,24 | 23,49 | 99,38 | 0,62 | |

## 3.8 ПРЕГЛЕД НА ИЗОСТАНОЦИТЕ И ПОВЕДЕНИЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

| Година на образование | Изостаноци | | | | Поведение | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Оправдани | Неоправдани | Вкупно | Просек | Примерно | Добро | Незадоволително | Вкупно ученици |
| ПРВА ГОДИНА | 922 | 450 | 1372 | 6.15 | 208 | 8 | 7 | 223 |
| ВТОРА ГОДИНА | 784 | 359 | 1143 | 5.77 | 189 | 9 | 0 | 198 |
| ТРЕТА ГОДИНА | 2316 | 766 | 3082 | 13.82 | 212 | 11 | 0 | 223 |
| ЧЕТВРТА ГОДИНА | 3685 | 374 | 4059 | 21.7 | 186 | 1 | 0 | 187 |
| ВКУПНО 2020/21 | 7707 | 1949 | 9656 | 11.86 | 795 | 29 | 7 | 831 |
| | | | | | 95.6% | 3.5% | 0.8% | |
| ВКУПНО 2019/20 | 14027 | 3253 | 17280 | 23,2 | 671 | 70 | 4 | 745 |

## 3.9 ДРЖАВНА МАТУРА, УЧИЛИШНА МАТУРА И ЗАВРШЕН ИСПИТ ВО УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА

| Наставен предмет | Број на пријавени ученици | Број на ученици што полагале | Број на ученици што положиле | Средна оценa |
|---|---|---|---|---|
| **Екстерен испит** | | | | |
| Македонски јазик и литература | 116 | 116 | 116 | 3.96 |
| Англиски јазик | 86 | 86 | 86 | 3.23 |
| Француски | 2 | 2 | 2 | 3 |
| Германски | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Математика | 28 | 28 | 28 | 4.07 |
| **Интерен испит** | | | | |
| Македонски јазик – четврти степен | 78 | 77 | 77 | 3,31 |
| Македонски јазик - трети степен | 50 | 48 | 46 | 2,32 |
| Историја | 15 | 15 | 15 | 4,8 |
| Математика | 9 | 9 | 9 | 4,6 |
| Физика | 3 | 3 | 3 | 4 |
| Бизнис | 64 | 64 | 64 | 4,68 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Англиски јазик | 17 | 17 | 17 | 4,76 |
| Математика | 9 | 9 | 9 | 4,6 |
| Дигитални системи | 25 | 25 | 25 | 3,8 |
| Телекомуникациски склопови и уреди | 9 | 9 | 9 | 4,6 |
| Програмирање | 26 | 26 | 26 | 4,38 |
| Дигитална електроника и микропроцесори | 2 | 2 | 2 | 5 |
| Автоматско управување и програмирање | 4 | 4 | 4 | 3,5 |
| Компјутерско управување | 10 | 10 | 10 | 4,3 |
| Програмирање на компјутерско управувани машини | 9 | 9 | 9 | 4,7 |
| Возила и механизација | 7 | 7 | 7 | 3,8 |
| Технологија на моторни возила | 4 | 4 | 4 | 3,5 |
| Хидропневматска техника | 9 | 9 | 9 | 3,2 |
| Хотелско работење | 12 | 12 | 12 | 2,5 |
| Агенциско работење | 14 | 14 | 14 | 3 |
| Комбиниран транспорт | 22 | 22 | 22 | 4,95 |
| Технологија на патен транспорт | 7 | 7 | 7 | 4,85 |
| Шпедиција и шпедициско работење | 3 | 3 | 3 | 3,3 |
| Практична настава - готвач келнер | 34 | 34 | 34 | 3,4 |
| Практична настава - автомеханичар, заварувач | 16 | 12 | 12 | 4,08 |

# 4. РЕАЛИЗАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО

## 4.1 СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Во учебната 2020/21 година наставата се реализираше по скратени наставни програми.Скратените наставни програми се донесени од министерот за образование и наука и истите се подготвени согласно со Одлуката на Владата на РСМ учебната 2020/2021 година да започне на 1 октомври 2020 година поради состојбата со пандемијата од ковид-19. Со тоа учебната 2020/2021 година траеше 159 наставни дена, односно 145 наставни дена за завршните години на образование, со времетраење на наставниот час од 35 минути, при што се запази предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма. Скратените наставни програми се базираат на целите/резултатите од учењето предвидени со наставната програма за секој наставен предмет што редовно се реализира, согласно утврдениот наставен план, со тоа што во нив, за оваа учебна година, е направен соодветен избор на наставни содржини, неопходни теми за реализација за да се овозможи стекнување на знаења и вештини предвидени со наставните програми и обезбедување на вертикална проодност во наредната година. Методите и активностите за поучување и учење на учениците наставниците ги прилагодија на времетраењето на часот.

Од извршената анализа на податоците за реализација на часовите по сите наставни предмети, се констатира дека наставните планови и програми се реализирани во согласност со сите измени. Следена е реализацијата на наставните планови и програми преку посета на наставните часови. Вршена е анализа и изготвени се извештаи по посетените часови, како и евалуација на дневните подготовки на наставниците согласно изготвените инструменти.

### ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЧАСОВИ

| Паралелка | Планирани часови | Реализирани часови | Реализирани часови во % |
|---|---|---|---|
| **1-1** | 960 | 956 | 99.7% |
| **1-2** | 960 | 957 | 99.69% |
| **1-3** | 992 | 969 | 97.69% |
| **1-4** | 1152 | 1218 | 105.73 |
| **1-5** | 992 | 992 | 100 |
| **1-6** | 992 | 992 | 100 |
| **1-7** | 992 | 992 | 100 |
| **1-8** | 992 | 999 | 100.7 |
| **Вкупно** | 8032 | 8075 | 100.5 |

| Паралелка | Планирани часови | Реализирани часови | Реализирани часови во % |
|---|---|---|---|
| **2-1** | 1502 | 1493 | 99 |
| **2-2** | 1183 | 1185 | 100.2 |
| **2-3** | 992 | 983 | 99 |
| **2-4** | 1824 | 1802 | 99.18 |
| **2-5** | 992 | 995 | 100.3 |
| **2-6** | 960 | 958 | 99.8 |
| **2-7** | 960 | 961 | 100.0 |
| **2-8** | 1408 | 1408 | 100 |
| **Вкупно** | 9821 | 9785 | 99.6 |

| Паралелка | Планирани часови | Реализирани часови | Реализирани часови во % |
|---|---|---|---|
| **3-1** | 1508 | 1576 | 104.5 |
| **3-2** | 1600 | 1604 | 99.7 |
| **3-3** | 1682 | 1678 | 99.7 |
| **3-4** | 1537 | 1510 | 98 |
| **3-5** | 992 | 988 | 99.6 |
| **3-6** | 1151 | 1149 | 99.5 |
| **3-7** | 1151 | 1109 | 96.3 |
| **3-8** | 1758 | 1742 | 99.1 |
| **Вкупно** | 11379 | 11356 | 99.8 |

| Паралелка | Планирани часови | Реализирани часови | Реализирани часови во % |
|---|---|---|---|
| **4-1** | 1914 | 1923 | 100.5 |
| **4-2** | 2084 | 2000 | 96 |
| **4-3** | 754 | 755 | 100.1 |
| **4-4** | 1113 | 1084 | 97.3 |
| **4-5** | 1131 | 1100 | 99.82 |
| **4-6** | 1450 | 1438 | 99.1 |
| **4-7** | 899 | 900 | 100.1 |
| **Вкупно** | 8345 | 9200 | 98,9 |

## 4.2 УВИД ВО ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА

Педагошката документација и евиденција се води според Правилник за формата, содржината и начинот на нејзино водење. Таа се води уредно, за што се води грижа од страна на директорот, педагошко психолошка служба, предметните наставници и класниот раководител. Од страна на директорот на училиштето е формирана Комисија за проверка на педагошката документација.

Педагошката документација во училиштето опфаќа: - главна книга на учениците;главна книга за државна матура; - главна книга за училишна матура; - главна книга за завршен испит со четиригодишно траење; - главна книга за завршен испит со тригодишно траење; - главна книга за специјалистичко образование; - диплома за положена државна матура; - диплома за положена училишна матура; - диплома за положен завршен испит со четиригодишно траење; - диплома за положен завршен испит со тригодишно траење; - диплома за мајсторски испит; - диплома за специјалистичко образование; - уверение за стручна оспособеност; - уверение за работно оспособување; - ученичка книшка; - свидетелство; - преведница. Педагошката евиденција се води во дневник на паралелката во хартиена форма и електронски дневник.

## 4.3 ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНИ НАСТАВНИ МЕТОДИ И ФОРМИ НА РАБОТА

Поради фактот што учењето на далечина подразбира прилагодување на педагогијата и методиката на настава, наставниците континуирано се надоградуваа. Меѓусебно се надоградуваа и разменуваа искуства, со цел подобрување на наставата и надградување на сопствените компетенции. Постоеше соработка и поддршка на ниво на училиште со цел унапредување на капацитетите на наставниците и зголемување на нивната самодоверба за користење на различни пристапи при учење. Исто така во соработка со Биро за развој на образование се организираа онлаин средби со цел споделување на искуства на наставници од други училишта.

За реализација на наставата од далечина се обезбедија технички услови за сите ученици.Учениците кои не беа во можност самостојно да обезбедат техничка опрема училиштето во соработка со Општина Велес обезбеди таблети и интернет картички и истите им беа дадени на користење на учениците. При користењето на платформата за реализација на настава од далечина, наставниците во одреден дел од часот користиа е-содржини. Е-содржините се користат со цел да се поттикне интересот на учениците за наставниот предмет, полесно да се запамети и да се разбере определената содржина, како и да се примени стекнатото знаење.

Посетени се наставни часови, водени се стручни разговори и консултации со наставниците за наставните содржини од посетените часови, односно за користените методи, форми, стратегии и техники на учење и поучување. Посебно внимание се обрна на користењето Е-содржини во наставата, на методите на формативно оценување, рефлексијата на крајот на часот, користените инструменти за оценување на постигањата на учениците.

## 4.4 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА НАПРЕДОКОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во согласност со дописот од Бирото за развој на образованието (дел.бр.03-753/1 од 19.10.2020 год.), наставниците при реализација на оценувањето на учениците во оваа учебна година се водеа според *Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку учење на далечина* (02-956/1 од 22.09.2020) и *Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку далечинско учење, односно учење од дома* (12-4217/1 од 30.03.2020). При оценувањето на учениците беа запазени начините на оценување односно се користеше формативно и сумативно оценување со мали прилагодувања заради изведување на оценувањето во виртуелна училница. Беа запазени најважните чекори во формативното оценување односно:

- Запознавање со целите на учењето и очекуваните резултати од учењето
- Поставување прашања и задачи низ кои може да се види разбирањето на она што се учи
- Поставување на дополнителни прашања
- Користење на разновидни методи и техники за проверување
- Вклучување на учениците во оценувањето заради учење едни од други
- Самооценување

Особен предизвик кај наставниците претставуваше сумативното оценување поради тоа што треба да се обезбеди доверба дека тоа е валидно и објективно при изведување на настава од далечина. Поради тоа, наставниците ги користеа сите расположливи дигитални техники за формативно и сумативно оценување како на пример:

- Објективни тестови со избор од понудени одговори
- Тестови со краток одговор
- Есејски прашања
- Дискусии
- Онлајн игри

При користењето на сите овие техники за формативно и сумативно оценување на учениците се водеше сметка да се стави акцент на она што е важно, а не на споредни детали и факти.

На учениците од социјално-загрозени семејства кои немаа можности и услови да следат настава од далечина а во насока на следење на постигањата и утврдување на оценка, формирањето на оценката се изведуваше со физичко присуство на учениците и при тоа беа запазени протоколите пропишани од страна на Министерството за образование и наука.

# 5. РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО

Стручни активи - извршен е увид во програмите на стручните активи, посетени се состаноци на кои се даваа предлози, забелешки и насоки за унапредување на воспитно-образовниот процес, предлози за активности по повод Патрониот празник на училиштето и маркетинг активности на училиштето и предлози за воведување на нови образовни профили за наредната учебна година, распределба на часови по наставници, предлози за активности во тековната година, соработка со компании и други институции. На состаноците на стручните активи се разгледаа и новите наставни планови и програми за модуларна настава и за истите се дадоа забелешки. Стручните активи оствариjа средби и со други стручни училишта членови на Здружението на наставници и раководни кадри на електро, машински и сообраќајни училишни центри. Во организација на Здружението се реализираа општински, регионални и државни натпревари и секој актив се вклучи со свои ментори-наставници и ученици-натпреварувачи и се постигнаа солидни резултати.

Совети на паралелките на состаноците го разгледуваа успехот, редовноста и поведението на учениците, изрекуваа педагошки мерки, соработуваа со Советот на родители и предлагаа мерки за надминување на проблемите со редовноста и дисциплината на учениците.

Наставничкиот совет на училиштето одржа 15 состаноци на кои беа разгледувани успехот, редовноста и дисциплината на учениците, а беа изрекувани педагошки мерки и пофалби за учениците како и предлог мерки за надминување на одредени проблеми поврзани со подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на учениците. На состаноците беа разгледани: Годишниот извештај за работа, Годишната програма, Правилници, молби, разни информации, актуелните ситуации и други тековни работи.

Раководителите на паралелките го следеа успехот, редовноста и дисциплината на учениците, соработуваа со Директорот, стручната служба и родителите, беа одржани индивидуални средби и најмалку 4 родителски средби. На родителските средби родителите беа запознати со условите за работа, Наставниот план и програма, распоредот за реализација на редовната настава, успехот, редовноста и дисциплината на часовите и други тековни прашања како на пример: задолжувањето со бесплатни учебници, физичкото обезбедување, екскурзии, актуелните случувања во училиштето.

Родителите преку Советот на родители, а и на самите родителски средби, беа вклучени во сите активности од целокупната воспитно-образовна работа на училиштето.

Стручните органи и тела во училиштето својата работа ја извршуваа онлајн со примена на средства за електронска комуникација.

# 6. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

## 6.1 СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ НА УЧИЛИШТЕТО

Во текот на учебната 2020/21 година училиштето имаше успешна соработка со социјалните партнери со кои потпиша договор/меморандум за соработка. Учениците реализираа практична настава во истите, дел од нив беа посетени од страна на училиштето. Компаниите Маркарт, Брако, Леов Компани и Ронтис како партнери во дуалното образование се вклучија во маркетинг активностите на училиштето и промоција на образовните профили трехничар за производно машинство и заварувач.Во текот на наставата а во рамките на практичната настава, учениците и наставниците посетија голем број на компании.

Согласно упатството за реализација на феријалната практика според кое учениците можат истата да ја реализираат само во компании со кои училиштето има потпишано договор во текот на годината потпишани се договори со голем број на компании.

Машинска/електротехничка струка: Брако ДОО Велес, ДПТ Ронтис ДООЕЛ Велес, ДАТУ„Пан Промет“-ДООЕЛ Велес, Самаров Трејд ДООЕЛ, Здружение Технолошки Парк-академија за програмирање, Маркарт Македонија ДООЕЛ, Леов Компани ДООЕЛ Велес, Фреш Компани ДООЕЛ Велес, Елмонт ДОО Велес, Џуниор Парк, Енерџи Меинтененс Солушнс ЕМС ДОО Скопје, Благој Ѓорев АД ВЕЛЕС, Палс Компани, Агриа агроиндустриска групација Велес, Зоки метал, Еуро брик,Јомак-ком Велес, ТП Фри оил, Авто сервис ТАНДЕМ , Авто сервис УНКА, Кин СОФТ Велес, Милениум ТП Велес, ДПТУ „АБЦ“ Тренд“-ДОО, Кеги Моби, Алдин Пласт, АД „Димко Митрев“, Моби Плус, Јоопоне-ДООЕЛ, Фриговак ДООЕЛ, ТП Моби Ричи, ДТУ Автобезбедност МИС ДООЕЛ Велес, Здружение Технолошки парк, Љато компани-горно Јаболчиште, Фати нел Трејд-Клуковец, ДГ Изгрев Инженеринг, Книговодствено Биро Недини ДООЕЛ, Фајнанс Консалтинг ДООЕЛ Велес, Еуро метал груп, Јумцср Велес, Данита Ник ДООЕЛ, Моторни возила Џони, Смелт-ИНГ.

Сообраќајна струка: ДТУ Автобезбедност МИС ДООЕЛ Велес, АДО УНИКА Велес, АКВ Костовски ДООЕЛ Караслари, ЛИДО ДООЕЛ, дооел Денс Велес, Вардаршпед Велес, Рива Траншпед ДОО Велес, Драганов дооел Велес, Будо Моторс ДОО, Пододекор ДОО Велес, АРБИН ТРАНС Велес, Македонски пошти, Подружница Велес.

Угостителско-туристичка струка: „Романтик“ хотели ДООЕЛ-Велес, Гарденија, ДООЕЛ „Пиано“ lounge bar - Свети Николе, „Интернационал“ маркет ДООЕЛ - Велес, ДУТУ СТРУЈА КОМЕРЦ ресторан Ексклузив - Кавадарци, „Урбан Стил“ БС-Велес, ТП „Кај Димче“ - Велес, ТП „Баже Пити“ - Велес, Дут „Санотел“ ДООЕЛ, ТП „Меаната на Даце“, „Мечкуевска куќа-Пуже“ ДООЕЛ Свети Николе, „Арка“ ДООЕЛ-Скопје, „Воз“ експорт импорт-Велес, „Робива Вел“ ДООЕЛ увоз извоз-Велес, ДПТУ Круг фуд ДООЕЛ, Јоми фуд дооел ресторан Авра, Скара на кило кај Лаки ДООЕЛ, ТП Пица Браво, Пмг Груп Дооел Велес Ресторан Бела Вода, Мартин Травел, Таверна Деспина.

## 6.2 СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА

Во текот на наставниот процес училиштето соработуваше со институции од локалната самоуправа и невладини организации, Центарот за јавно здравје Велес, Центар за социјални работи, СВР Велес, Локална библиотека, Клуб на писатели „Коста Солев Рацин“ и учество на Детски рацинови средби, Ученички дом „Лазар Лазаредвски“, Црвен крст Велес “, соработка со високообразовни институции, соработка со основни и средни училишта, Друштво на физичари и математичари, Германска стопанска комора, Федерација на училишен спорт, Локален совет за превенција од детско престапништво.

Како дел од активностите ги издвојуваме следните активности:

- Во соработка со Општина Велес, а во врска со полагање на практичниот дел од завршен испит за заварувачи, како и ученици од прва и втора год. машинска струка, на локација Спомен Костурница Велес, реализираа активност санација на заштитна метална ограда
- Во соработка со Општина Велес доделени голем број на награди и стипендии на ученици од училиштето
- Посета на Општина Велес, Градоначалник, Претседателот на Совет и присуство на состанок на Советниците
- Во организација на Федерацијата на Спортските педагози на РМ одбележан Европскиот Ден на Спортот во училиштата“
- Заедничка активност со партнер училиштето ОСТУ „Наце Буѓони“ од Куманово
- Натпревари од областа на физиката и математиката
- Учество на Патронен празник на основни и средни училишта
- Во соработка со МОН БРО превземени активности за проектот ПИСА
- Во соработка со Управата за јавни приходи, одржани предавања за учениците од завршните паралелки, во врска со даноци и потребата од нивно плаќање
- Во организација на Здружение на ЕМСУЦ одржани состаноци и општински натпревари
- Во организација на Здружението на професори по англиски јазик ЕЛТАМ, натпревари по англиски јазик
- Во организација на Центарот за истражување и креирање политики, во рамки на проектот за безбедно користење на интернетот од младите и спречување на онлајн радикализација,присуство на настан за сајбер безбедност и спречување радикализација
- Одржана промоција на книгата „Среќната девојка“ на нашата ученичка Вероника Саздовска од 4-5 паралелка.
- Одбележан Светскиот ден на поезијата 21 март во организација на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ и Клубот на писатели „Коста С.Рацин“
- Во организација на Парламентарниот институт на Собранието на РСМ, организирана работилница во врска со работата и улогата на Собранието во системот на поделба на власта и концептот на граѓанско општество
- Хуманитарна акција во соработка со гостилница „Боем“,
- Одбележување на верскиот празник Велигден во соработка со Друштвото на пензионери во Велес
- Санитарен преглед на вработени и имунизација на ученици

### 6.3 ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Во промоција на училиштето се вклучија наставници и ученици. Се реализираа повеќе активности со цел промовирање на образовните профили кои се изучуваат во училиштето, запознавање со материјално техничките и просторните услови во училиштето, запознавање со наставниот кадар и сл. Овие активности првенствено се организираа за учениците од основните училишта за да им се олесни изборот на средно образование но и за компаниите на кои им е потребен обучен стручен кадар. Во промовирање на образовните профили техничар за производно машинство и заварувач(дуални образовни профили) се вклучија и социјалните партнери Маркарт, Брако , Ронтис и Леов компани.Во месец мај во соработка со Министерство за образование и наука училиштето заедно со социјалните партнери во дуалното образование организираше отворен ден за учениците од основните училишта од завршните паралелки. На отворениот ден деветтоодделенците имаа можност да се запознаат со сите образовни профили кои ги нуди училиштето. За промоција на образовните профили се реализираа и други маркетинг активности:online средби со ученици и родители, посета на основни училишта, делење на рекламен материјал, радио реклами и сл. Активностите се реализираа во текот на целата учебна година. Своите активности училиштето ги промовираше својата WEB и FB страна.

## 7. УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ ВО УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА

### Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието

Во рамките на Проектот за меѓуетнича интеграција на младите во образованието во учебната 2020/21 година беа реализирани активностите планирани со годишната програма на училиштетокако и активностите планирани со добиениот грант од МОН, како самостојни така и заеднички со партнер училиштето ОСТУ„ Наце Буѓони “ од Куманово. Најголем дел од активностите се реализираа онлајн, на платформата МС Тимс, а неколку од активностите во нашето училиште се реализираа со физичко присуствои запазувајќи ги сите мерки на заштита од КОВИД 19.

Носител на активноста беше Тимот за училишна интеграција, во активностите беа вклучени ученици од сите профили од прва до четврта година од различна етничка припадност и пол, наставници и родители.

### Проект условен паричен надомест за ученици од социјално ранливи категории

Во сите 4 тримесечја бројот на ученици -потенцијални корисници на УПН, Образовен додаток е непроменет. Вкупно пријавени 40 ученици, од кои 30 машки и 10 женски.

По години на образование :

I - 14 ученици (11 машки и 3 женски)
II - 10 ученици (8 машки и 2 женски)
III - 7 ученици (5 машки и 2 женски)
IV - 9 ученици (6 машки и 3 женски)

**Проект ,,Предизвик за млади истражувачи – 3"**

На конкурсот од Фондот за иновации и технолошки равој, насловен како „Предизвик за млади истражувачи – 3", кој беше отворен на 24 јануари 2020 г. беа пријавени вкупно 58 училишта, од кои 20 основни и 38 средни училишта. Во финалната селекција се избрани 39 проекти, меѓу нив и два проекта од ССОУ„Коле Неделковски“

1. Проект ,,Јурта за молњи" , ментор Снежана Софијанова и работна група во проектната апликација, од вкупно 6 ученика од II – 6 и II – 8 клас од Електротехничка струка.(Надица Трифунова,Ненад Илиев

2. Проект ,,Соларен сончоглед", ментор Симон Мајсторов и работна група во проектната апликација, од вкупно 5 ученика во II – 6 / КТА од Електротехничка струка(Бојан Димовски, Богдан Проданов, Ребека Манева, Мартина Најдовска и Надица Трифунова)

**Проект за изработка за софтвер за потребите на училишната библиотека**

Во изработка на проектот за изработка на софтвер беа вклучени ученици од паралелка 4-5(Андреј Панев, Ѓоре Јаневски, Дарио Мартиновски, Димитар Ечев, Димитар Ѓорѓиев.Целта на овој проект е изнајденото софтверско решение да ја олесни работата во училишната библиотека, јасна и прегледна евиденција на библиотечниот фонд со кој располага библиотеката во училиштето.

**Изразување интерес на Регионалниот фонд за предизвици**

Регионалниот фонд за предизвици за земјите од Заден Балкан 6 го организираше првиот отворен повик за изразување на интерес во периодот од 1 февруари до 30 април. Регионалниот фонд за предизвици објави дека се примени вкупно 205 апликации. Апликацијата на ССОУ„Коле Неделковски ја помина првата фаза и е влезена меѓу најдобрите апликации. Во втората фаза избраните апликации ќе се натпреваруваат за инвестиции во инфраструктурата, модерната машинерија и опрема, што че доведе до зголемен квалитет и релевантност на пазарот на програми за соработка за стручно образование и обука.

На овој повик се приклучи училиштето со свој конзорциум составен од самото училиште и три компании, односно, Маркарт Брако и Ронтис.Конзорциумот аплицираше за реконструкција на машинската работилница, набавка на машини и обука на наставниот кадар од дуалните паралелки , образовен профил Техничар за производно машинство. Училиштето аплицираше за грант од 500 000 евра запазувајќи ги сите критериуми за подобност.

**Проект ПИСА**

Бирото за развој на образованието, во соработка со Државниот испитен центар кој е реализатор на меѓународното тестирање, односно меѓународната студија  ПИСА, започна активности за подготовка за спроведување на истото. Со студијата требаше да бидат опфатени ученици родени 2005 година. Беа одржани работни средби како и неколку едуино вебинари за подготовка за тестирањето, кое требаше да се реализира електорнски во периодот април-мај 2021 год. Но, со оглед на состојбата со пандемијата, тестирањето е одложено за следната година.

## 8. НАЈДОБАР УЧЕНИК И ПАРАЛЕЛКА ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

**I година**

1. Најдобар ученик од машинска струка, Марио Бабунски од 1-2 паралелка/44 поени
2. Најдобар ученик од електротехничка струка, Антонио Ристовски од 1-7 паралелка/125 поени
3. Најдобар ученик од транспорт и шпедиција Мартина Стефановска од 1-5 паралелка/43 поени
4. Најдобар ученик од угостителско-туристичка струка, Памела Спасова од 1-4 паралелка /43поени

***Најдобар ученик во прва година е Антонио Ристовски од 1-7*** паралелка ***/125 поени***

**I I година**

1. Најдобар ученик од машинска струка, Ташевски Никола од 2-1 паралелка /65 поени
2. Најдобар ученик од електротехничка струка Христијан Андовски од 2-6 паралелка /321 поен
3. Најдобар ученик од угостителско-туристичка струка Ангела Темелкова од 2-4 паралелка /41поени

***Најдобар ученик во втора година е Христијан Андовски од 2-6*** паралелка ***/321поен***

**I I I година**

1. Најдобар ученик од машинска струка Патрик Фаркаш од 3-2 паралелка /60 поени
2. Најдобар ученик од електротехничка струка Бојан Димовски од 3-6 паралелка /316 поени
3. Најдобар ученик од транспорт и шпедиција Даниела Димовска од 3-5 паралелка /55 поени
4. Најдобар ученик од угостителско-туристичка струка Трајче Мазнев од 3-4 паралелка /62 поени

***Најдобар ученик во трета година е Бојан Димовски од 3-6*** паралелка ***/316 поени***

**IV година**

1. Најдобар ученик од машинска струка Кире Џунџев од 4-1 паралелка /66 поени
2. Најдобар ученик од електротехничка струка Ангелески Теодор од 4-4 паралелка /115 поени

***Најдобар ученик во четврта година е Ангелески Теодор од 4-4*** паралелка ***/115поени***

***Најдобар ученик на генерација е Христијан Андовски од 2-6*** паралелка
Најдобра паралелка од прва година е 1-6 со 150 поени.
Најдобра паралелка од втора година е 2-6 со 465 поени.
Најдобра клас од трета година е 3-6 со 355 поени.
Најдобра паралелка од четврта година е 4-5 со 140 поени.
***Најдобра*** паралелка ***на ниво на училиште е 2-6.***

## 9. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ

**Во Програмата за работа на училиштето за учебната 2020/21 година училиштето ги издвои следните приоритети:**

***1. Изготвување планови за реализација на учење од далечина согласно актуелната состојба со КОВИД 19.***

За реализирање на задачите и постигнување на целите во врска со овој приоритет училиштето ги превзеде повеќе активности.

По завршување на наставната година Тимот за изготвување на план за организација, реализација, следење на реализација на наставата и целокупната работа на училиштето заедно со раководниот кадар констатираше дека во училиштето е направена добра подготовка за реализавија на наставата во услови на пандемија. Наставата се реализираше во согласнт со изготвените планови и распореди и истата се реализираше без отстапки.

Компјутерската опрема со која располага училиштето беше ставена на располагање на училишниот кадар, подобрена интернет врската за непречено реализирање на онлаин наставата. За учениците од социјално ранливи категории беше обезбедена опрема и интернет картички за непречено следење на онлаин наставата. Во континуитет се одржуваа состаноци со наставниците, учениците и родителите со цел детектирање на слабостите и изнаоѓање на заеднички решенија за нивно надминување.

***2. Подобрување на условите во училниците и другите простории во училиштето, со што учениците ќе ги доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина и ќе се зголеми нивниот интерес за учење.***

Во текот на наставната година како главен приоритет поради состојбата со Ковид 19 беше безбедноста на учениците и наставниот кадар при престојот во училиштето. Одржувањето на хигиената во училиштето беше ставена на прво место. Училиштето во континуитет обезбедуваше средства за одржување на хигиената. Учениците и вработените постапуваа по протоколите дадени од Министерство за образование и наука.

Направена е целосна реконструкција на кабинетите во стариот дел од училиштето(стругање на ѕидови до здрав малтер, нанесување на лепак и рабис мрежа, глетовање, белење, фарбање на цокле и радијатори, поставување на лед светилки.

Молерисување и фарбање на цокле во кабинет за практична настава од електротехничка струка и кабинет по англиски јазик

Реконструкција на холот, ходниците и скалите во училишна зграда(стругање и лакирање со епоксидна смола на подови од терацо).

Поставување на зебра завеси во кабинети од стар дел.

Поставување на пристапни рампи за лица со инвалидност на два влеза во училишната зграда(заден влез во училиште и влез во спортска сала)

Со одлука на Совет на Општина Велес спортската сала на училиштето е пренаменета за вакцинален пункт. Истата е ставена на располагање на центар за јавно здравје Велес и за таа цел од страна на општина Велес и стопанственици во градот,направено е нејзино екстериерно и интериерно уредување, белење фарбање, поставена е клима уред во пинг- понг сала и уредување на влез и пристап во спортска сала.

На повик на Министерство за образование и наука училиштето во учебната 2020/21 година аплицираше со следните проекти:

1. Проект за реконструкција на кров на училишна зграда
2. Проект за реконструкција на ученички тоалети
3. Проект за замена на внатрешна столарија и реконструкција на подови во кабинети

Училиштето доби известување дека апликациите се прифатени и за истите МОН ќе обезбеди средства. Реконструкцијата ќе се реализира во наредниот период

**Инвестирање во нагледни средства за целосна примена на ИКТ во наставата со физичко присуство и учење од далечина**

За реализирање на задачите и постигнување на целите во врска со овој приоритет училиштето ги превзеде следните активности:

Доопремување на училиштето со ИКТ опрема
- обезбедени таблети за ученици
- обезбедени 60 лап-топ компјутери
- интерактивни табли 14
- аудио-визуелни средства (LED TV - 65 инчи)
- проектори -12, платна за проектирање-14, држачи за проектори-23,HDMI конектори-15, VGA конектори 13.

**Следење на состојбата на пазарот на трудот на општинско ниво и отварање на нови занимања кои се актуелни на пазарот на трудот во тој временски период**

Во соработка со Стопанска комора на Општина Велес, Социјалните партнери на училиштето и Министерство за образование и наука констатирано е дека во градот недостасува квалификувана работна сила од повеќе профили. Компанијата Брако и Компанија Леов како социјални партнери на училиштето имаат зголемена потреба од квалификувани заварувачи и за таа цел во училиштето се воведува образовен профил заварувач по дуална програма со зголемен обем на практична настава и учење преку работа кај работодавач.Овој профил по дуална програма ќе започне да се изучува од учебната 2021/22 година. Во текот на учебната 2020/21 година потпишани се договори за соработка со двете компании.

**Ревидирање на Статут на училиштето**

Во текот на учебната 2020/21 година не е направено ревидирање на Статутот на училиштето поради најавата од Министерство за образование и наука за донесување на нов Закон за средно стручно образование врз чија основа министерствототреба да направи нацрт Статут. Доколку се направи училиштето веднаш започне процес на ревидирање на Статутот.

**Преземање на конкретни мерки за зголемување на интересот на учениците за дуалното образование.**

Во текот на учебната 2020/21 година училиштето имаше континуирана соработка со Министерство за образовани и наука, Германска стопанска комора и компаниите партнери во дуалното образование со цел изготвување на заедничка стратегија за зголемување на интересот кај деветтооделенците токму кон профили од дуалните паралелки односно образовните профили Техничар за производно машинство и заварувач. Училиштето направи проширување на листата на компании така што покрај Маркарт и Брако се приклучија компаниите Ронтис и Леов Компани.

За зголемување на интересот за дуално образование превземени се следните активности:
-промовирање на дуалното образование пред деветтооделенците и нивните родители од страна на наставниот кадар во училиштето
-промовирање на дуалното образование пред деветтооделенците и нивните родители од страна на компаниите Маркарт, Брако, Леов Компани и Ронтис и Германска стопанска комора
-делење на рекламен материјал
-поставување на билборди во градот
-изготвување на реклами за дуално образование и нивно споделување на ФБ и Инстаграм профил на училиштето
-изготвување на тв рекламии нивно споделување на национални телевизии
-изготвување на радио реклами и нивно споделување на локални радио станици

**Перманентна едукација на наставниот кадар преку акредитирани институции, посебно едукација за полесно и непречено изведување на наставата од далечина**

За остварување на оваа цел наставниот кадар во училиштето ги следеше следните обуки:

- Обука на наставниците за користење на Националната платформа за учење од далечина
- Во организација на МОН, учество на обука за Националната платформа за далечинско учење со сите алатки, ресурси и активности
- Семинар на тема „Физичкото образование - клучна компонента за квалитетна настава“
- Во организација на ВИКИ клуб и ГЛАМ, учество на еднодневна обука - конференција за наставници и професори кои предаваат македонски или странски јазик
- Во организација на БРО обуки за новите програми и наставни материјали по предметот Граѓанско образование за модул 1,2 3,4,5
- Во организација на МОН, БРО и ЦСОО, присуство на Едуино вебинар на тема „Подготовки за тестирањето ПИСА 2021
- Одржан работен состанок на Здружението на електро-машинските и сообраќајните училишни центри
- Едуино вебинар на тема „Работата на стручната служба во средните училишта во услови на пандемија“
- Учество на обука за новата Испитна програма за проектна задача за Државна матура, организирана од ДИЗ во соработка со МОН
- Едуино вебинар на тема „Совети и добри практики од работата на психолозите“
- Во организација на Федерацијата на спортски педагози на Република Македонија, одржана работилница на тема „Искуствата и предизвиците со онлајн настава по физичко и здравствено образование и спорт и спортски активности
- Во организација на Природно-математички факултет, Институт по математика, одржан петтиот семинар „Математика и примени“

- Во рамки на проектот Еразмус+, присуство на промоција на платформата за колаборативно учење за реализирање на лабораториски вежби на далечина
- Обука на наставници од електротехничка струка во академија Skill up за изучување на програмски јазици, креирање на веб страни(HTML, CSS, i Java Script) и програмирање во C++ како составен дел на новите програми во модуларната настава.
- Обука во организација на ЦСОО, мон и Хелветас на тема Дидактика базирана на работни ситуации
- Обука на целокупниот наставен кадар на тема Современи концепциина средно образование, новата улога на наставникот и неговите стратегии за поучување.

## 10. ОПШТА ОЦЕНКА ЗА СЛЕДЕЊЕТО И ЕВАЛУАЦИЈАТА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД СТРАНА НА ДИРЕКТОРОТ

Директорот на училиштето ги реализираше задачите и активностите планирани во Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на Директорот и други тековни работи кои произлегоа од пандемијата и вонредната состојба предизвикана од КОВИД 19 во соработката со МОН, БРО, ЦСОО и пошироката општествена заедница. Во текот на работата Директорот заедно со педагошко психолошката служба, одговорните наставници од стручните актива реализираа имплементирање на активни наставни методи преку ИКТ технологија и реализација на учење од далечина, посетија голем број на наставни часови со цел следење на имплементирањето на активните наставни методи и ИКТ технологијата и други вештини и способности со кои наставниците се стекнаа во процесот на перманентниот стручен развој и извршуваа педагошко-инструктивни разговори со наставниците. Директорот ја следеше и учествуваше во целокупната работа во училиштето: воспитно-образовниот процес, техничко – материјалните услови за работа, кадровската политика, финансиската состојба итн.

Директорот и педагошко-психолошката служба благовремено ги доставува информациите и документите кои стигнуваат до училиштето од МОН, БРО, ЦСОО до наставниците и дава насоки за постапување по истите. Посебен акцент се става во работата при реализација на наставата без физичко присуство на учениците, редовна комуникација со родителите и давање на повратни информации.

Во прилог на Извештајот се и програмските прилози:

1. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
2. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТНА ССОУ „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
3. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
4. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
5. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
6. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА
7. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТЕСТВЕНО-ЈАЗИЧНИОТ АКТИВ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
8. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИОТ АКТИВ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
9. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА МАШИНСКИОТ АКТИВ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
10. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИОТ АКТИВ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
11. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
12. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ И КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
13. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАТА ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
14. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈОД ПРОЕКТОТ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
15. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
16. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА
17. ИЗВЕШТАЈ ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА

Во подготовката на извештајот за работата на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес во учебната 2020/2021 година беа вклучени:

1. Педагошко-психолошка служба
2. Претседатели на активи
3. Претседател на средношколска организација
4. Одговорни по подрачја и членови на тимови за Развоен план на училиштето и самоевалуација
5. Класни раководители
6. Техничка обработка – Сашо Ѓоргов

Велес
Август 2021 година

Директор
Весна Стојанова Богоевска

________________________